Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии | Ministria e Financave

16-06-2023. 2023

**Архивски број:** 08-7556/1 | **Numër arkivi:**
**До:** | **Drejtuar:**

**Предмет:** Доставување на Буџетски циркулар за 2024 година/ Dorëzimi i Qarkores buxhetore për vitin 2024

Почитувани,

Министерството за финансии до буџетските корисници на Централната власт и фондовите доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар заради доставување на барање за изготвување на Предлог Буџетот за 2024 година. Врз основа на доставените Буџетски барања од буџетските корисници, Министерството за финансии ќе пристапи кон подготовка на Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

При подготовка на буџетските барања за 2024 година, буџетските корисници треба да ги почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства и спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци и нивно сведување на минимум. Преку рационализација и оптимизација на работните процеси и воспоставување на соодветни механизми на контрола, буџетските корисници треба да направат соодветна консолидација на трошоците за стоки и услуги, преку штедење на режиските трошоци, патните расходи, договорните услуги, трошоците за репрезентација и сл.

При подготовка на буџетските барања за 2024 година, расходите треба да бидат во функција на остварување на стратешките

Të nderuar,

Ministria e Financave u dorëzon shfrytëzuesve buxhetorë të pushtetit qendror dhe fondeve, instruksione në formë të Qarkores buxhetore për dorëzimin e kërkesës për përgatitjen e Propozimit të buxhetit për vitin 2024. Në bazë të Kërkesave buxhetore të parashtruara nga shfrytëzuesit buxhetorë, Ministria e Financave do të fillojë me përgatitjen e Propozimit të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024.

Gjatë përgatitjes së kërkesave buxhetore për vitin 2024, shfrytëzuesit buxhetorë duhet t'i respektojnë parimet e ekonomizimit dhe racionalitetit në shpenzimin e mjeteve buxhetore dhe zbatimin e konsumit të disiplinuar buxhetor, që të kontrollojnë në mënyrë rigoroze dhe restriktive kostot më pak produktive dhe reduktojnë ato në minimum. Përmes racionalizimit dhe optimizimit të proceseve të punës dhe vendosjes së mekanizmave të duhura të kontrollit, shfrytëzuesit buxhetorë duhet të bëjnë konsolidimin e duhur të kostove të mallrave dhe shërbimeve, përmes kursimit të kostove të regjisë (zhdrejta), shpenzimeve të udhëtimit, shërbimeve kontraktuese, kostove të reprezentacionit etj. Gjatë përgatitjes së kërkesave buxhetore për vitin 2024, shpenzimet duhet të jenë në funksion të realizimit të prioriteteve strategjike, përshpejtimit të


Министерство за финансиина/ Ministria e Financave
Република Северна Македонија/ Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255602
www.finance.gov.mk
МФРСМ. Ф.8.5/13-5/
MFRMV. F.8.5/13-5
издание 3 / botimi 3

приоритети, забрзување на економскиот раст, спроведување на започнатите реформски активности, продолжување на интегративните процеси на Република Северна Македонија во ЕУ и исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во НАТО.

Буџетските корисници треба да ги имаат во предвид и основните приоритети на среднорочната фискална политика кои се во насока на макроекономска стабилност и фискална консолидација. Фискалната политика е во насока на зачувување на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст и спроведување на рестриктивна буџетска потрошувачка согласно реалните можности на страната на приходите и ефикасно управување со јавниот долг, без притоа да се предизвика неоправдано зголемување на долгот до ниво кое може да ја загрози стабилноста на економијата и економскиот раст на државата.

Фискалната консолидација продолжува преку поддршката на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти, редизајнирање на структурата на јавните финансии преку зголемено учество на капиталните расходи, како и зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии. Мерките ќе бидат насочени кон подобрување на наплатата на буџетските приходи и намалување на сивата економија, реструктуирање на буџетските расходи преку намалување на тековните расходи, поголема поддршка на приватниот сектор, поддршка на иновациите и зајакнување на конкурентноста, ревидирање на методологиите за трансферите и субвенциите, како и поголема диверзификација на изворите за финансирање на буџетскиот дефицит. Фискалната консолидација го содржи и концептот на конзистентност и

rritjes ekonomike, zbatimit të aktiviteteve të nisura reformuese, vazhdimit të proceseve integruese të Republikës së Maqedonisë së Veriut në BE dhe përmbushjes së detyrimet që dalin nga anëtarësimi në NATO.

Shfrytëzuesit buxhetorë duhet të kenë parasysh edhe prioritetet bazë të politikës fiskale afatmesme, të cilat janë në drejtim të stabilitetit makroekonomik dhe konsolidimit fiskal. Politika fiskale synon ruajtjen e stabilitetit makroekonomik, përshpejtimin e rritjes ekonomike dhe realizimin restriktiv të shpenzimeve buxhetore në përputhje me mundësitë reale në anën e të hyrave dhe menaxhimin efikas të borxhit publik, pa shkaktuar rritje të pajustifikuar të borxhit në nivel që mund të cënojë stabilitetin e ekonomisë dhe rritjen ekonomike të shtetit.

Konsolidimi fiskal do të vazhdojë me përkrahjen e ekonomisë nëpërmjet investimeve në projektet infrastrukturore, ridizajnimin e strukturës së financave publike me rritje të pjesëmarrjes së shpenzimeve kapitale, si dhe në përforcimin e procesit të planifikimit, realizimit dhe informimit sa i përket financave publike. Masat do të orientohen drejt përmirësimit të arkëtimit të të hyrave buxhetore dhe uljes së ekonomisë gri, ristrukturimit të shpenzimeve buxhetore duke reduktuar shpenzimet rrjedhëse, mbështetjes më të madhe ndaj sektorit privat, mbështetjes të inovacioneve dhe përforcimit të konkurrencës, revidimit të metodologjive për transfertat dhe subvencionet, si dhe diversifikimit më të madh të burimeve të financimit të deficitit buxhetor. Konsolidimi fiskal përfshin edhe konceptin e konsistencës dhe optimizimit të politikave dhe reformave ekonomike në raport me rritjen ekonomike, duke përcaktuar indikatorët e performancës së

оптимизација на економските политики и реформи во однос на економскиот раст, со дефинирање на индикатори на успешност на буџетските програми во однос на приоритетните економски политики и реформи-концепт на вредност на парите (value for money).

Како и претходните години, буџетските барања за 2024 година ќе се пополнуваат електронски, преку апликацијата Е-циркулар, достапна на следниот линк: https://ecirkular.finance.gov.mk/.
Буџетските барања се доставуваат до Министерството за финансии на два начина: во електронска форма преку апликацијата Е-циркулар и во печатена форма, со потпис на раководното лице и печат на институцијата. Во печатена форма се доставуваат и дополнителните обрасци, креирани во Excel формат и внесени во апликацијата Е-циркулар. Подетални инструкции за начинот на пополнување и доставување на буџетските барања се дадени во Насоките за подготовка на Предлог буџетската пресметка за 2024 година.

Вашето Предлог буџетско барање потребно е да биде изготвено во рамки на максималните износи на расходи, утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија и дадени во прилог на овој допис.

Согласно член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, буџетските корисници од прва линија се должни заедно со предлогот на буџетското барање да го достават на согласност и предлог Годишниот план за вработување за 2024 година.

Предлогот на буџетското барање изготвено во рамките на максимално утврдените износи на расходи, заедно со предлог Годишниот план за вработување за 2024 година, Стратешкиот план и соодветно текстуално и аргументирано образложение за висината на бараните

programeve buxhetore në lidhje me politikat dhe reformat ekonomike prioritare – koncepti i vlerës së parave ("value for money").
Kërkesat buxhetore për vitin 2024, ashtu si në vitet paraprake, do të plotësohen në mënyrë elektronike, përmes aplikacionit E-qarkore, në linkun e mëposhtëm: https://ecirkular.finance.gov.mk/.
Kërkesat buxhetore dorëzohen në Ministrinë e Financave në dy mënyra: në formë elektronike përmes aplikacionit E-qarkore dhe në formë të shtypur, me nënshkrimin e personit udhëheqës dhe vulën e institucionit. Në formë të shtypur dorëzohen edhe formularët e tjerë, në format Excel dhe të vendosur në aplikacionin E-qarkore. Instruksione më të detajuara për mënyrën sesi të plotësohen dhe dorëzohen kërkesat buxhetore janë dhënë në Udhëzimet për përgatitjen e Propozimit të përllogaritjes buxhetore për vitin 2024.
Propozimi i kërkesës tuaj buxhetore, duhet të përgatitet në kuadër të vlerave maksimale të shpenzimeve, të përcaktuara nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe të dhëna në bashkëngjite të kësaj shkrese.
Në bazë të nenit 20-b të Ligjit të të Punësuarve në Sektorin Publik, shfrytëzuesit buxhetorë të linjës së parë detyrohen që së bashku me propozimin e kërkesës buxhetore ta parashtrojnë edhe Propozimin e planit vjetor të punësimit për vitin 2024 për pëlqim.

Propozimi i kërkesës buxhetore, i përgatitur në kuadër të vlerave maksimale të përcaktuara të shpenzimeve, së bashku me propozimin e Planit vjetor të punësimit për vitin 2024, Planin strategjik dhe arsyetimin përkatës tekstual dhe të argumentuar për mjetet e kërkuara, duhet të dorëzohet me shkrim dhe në mënyrë elektronike në Ministrinë e Financave - Sektori i Buxheve dhe Fondeve, më së voni deri më datë 1 shtator të vitit 2023.

средства, потребно е да го доставите писмено и електронски, до Министерството за финансии-Сектор за буџет и фондови, најдоцна до 1 септември 2023 година. Стратешкиот план кој е составен дел на буџетското барање треба да содржи квантифицирани програми, активности, цели и приоритети, усогласени со буџетското барање.

За буџетските корисници на централната власт и фондовите кои буџетското барање нема да го достават во наведениот рок или пак достават некомплетно буџетско барање кое не содржи стратешки план, Министерството за финансии во нивно име ќе изготви предлог на буџет.
По приемот на пополнетите обрасци, дополнително ќе бидете известени за усогласувањето на Вашето предлог буџетско барање за 2024 година.

Со почит,

Plani strategjik që është pjesë integrale e kërkesës buxhetore duhet të përfshijë programe, aktivitete, qëllime dhe prioritete të kuantifikuara, të harmonizuara me kërkesën buxhetore.

Për shfrytëzuesit buxhetorë të pushtetit qendror dhe fondet, që nuk do të dorëzojnë kërkesë buxhetore brenda afatit të caktuar ose parashtrojnë kërkesë buxhetore të pakompletuar që nuk përfshin planin strategjik, Ministria e Financave do ta përgatisë propozimin e buxhetit në emrin e tyre.
Pas pranimit të formularëve të plotësuar, do të njoftoheni në mënyrë shtesë për harmonizimin e propozimit të kërkesës suaj të buxhetit për vitin 2024.

Me respekt,

**МИНИСТЕР / MINISTËR**
**Dr. Fatmir Besimi**

**ПРИЛОГ/SHTOJCË:**
Насоки за подготовка на Предлог буџетската пресметка за 2024 година/
Udhëzime për përgatitjen e Propozimit të përllogaritjes buxhetore për vitin 2024
Максимални износи на расходи 2024-2028 година/
Vlerat maksimale të shpenzimeve për periudhën 2024-2028

Изработил/Përgatiti: Наташа Каровчевска
Проверил/Verifikoi: Тоше Пановски
Согласен/Pajtohet: Аница Иваноска Стрезовски/Тања Трипунова
Превел/Përktheu: Mersim Fejza
Контролирал превод/Kontrolloi përkthimin: Adriana Fejzullahu
Одобрил/Miratoi: д-р Јелена Таст

# НАСОКИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКАТА ПРЕСМЕТКА ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, јуни 2023 година**

## ВОВЕД

Министерството за финансии до буџетските корисници на Централната власт и фондовите доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар заради доставување на барање за изготвување на Предлог буџетот (во натамошниот текст Циркулар). Во Циркуларот се содржани насоките за подготвување на предлог буџетските барања и упатствата за едноставно и правилно пополнување на барањето и обрасците. Врз основа на доставеното буџетско барање и пополнетите обрасци од буџетските корисници, Министерството за финансии ќе пристапи кон подготовка на Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

При подготовка на буџетските барања за 2024 година, буџетските корисници треба да ги почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства и спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци и нивно сведување на минимум. При подготовка на буџетските барања за 2024 година, расходите треба да бидат во функција на остварување на стратешките приоритети, забрзување на економскиот раст, спроведување на започнатите реформски активности, продолжување на интегративните процеси на Република Северна Македонија во ЕУ и исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во НАТО. Истовремено треба да се имаат во предвид и основните приоритети на среднорочната фискална политика кои се во насока на зачувување на макроекономската стабилност и етапна фискална консолидација, со цел овозможување на поволни услови за забрзан економски развој, редизајнирање на структурата на јавните финансии преку зголемено учество на капиталните расходи, како и зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии.

Фискалната политика е во насока на зачувување на макроекономската стабилност и спроведување на рестриктивна буџетска потрошувачка согласно реалните можности на страната на приходите и ефикасно управување со јавниот долг, без притоа да се предизвика неоправдано зголемување на долгот до ниво кое може да ја загрози стабилноста на економијата и економскиот раст на државата. Буџетските корисници треба да ги имаат во предвид и основните приоритети на среднорочната фискална политика кои се во насока на макроекономска стабилност и фискална консолидација која продолжува преку поддршката на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти, редизајнирање на структурата на јавните финансии преку зголемено учество на капиталните расходи, како и зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии.

**Раководителите на буџетските корисници се обврзани предлогот на буџетско барање да го достават до Министерството за финансии најдоцна до 1 септември 2023 година. За буџетските корисници кои не доставиле буџетско барање во предвидениот рок, Министерството за финансии во нивно име ќе изготви предлог на буџет.**

**Согласно член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, буџетските корисници од прва линија се должни заедно со предлогот на буџетското барање да го доставaт на согласност и предлог Годишниот план за вработување за 2024 година.**

**Кон буџетското барање задолжително треба да се приложи Годишниот план за вработување за 2024 година, Стратешкиот план и текстуално аргументирано образложение за износот на бараните средства.**

## МАКРОЕКОНОМСКИ ПРОЕКЦИИ

Во изминатиот период, домашната економија покажа отпорност на последователните шокови предизвикани од глобални фактори. Навремената респонзивност на фискалната политика во континуитет во голема мера го ограничи влијанието на овие шокови. По солидното закрепнување во 2021 година, растот на домашната економија во 2022 година во голема мерка беше ограничен од случувањата на глобално ниво, што доведе до забавено постпандемично закрепнување. Уште на самиот почеток од кризата, како продолжување на мерките за поддршка и закрепнување во периодот и по пандемијата, Владата навремено реагираше, со цел да се забави преносниот ефект од увезената инфлација и да се обезбеди целосно и стабилно снабдување со електрична енергија и избегнување на ценовни шокови. Мерките беа таргетирани кон најранливите категории на граѓани погодени од кризата за заштита на животниот стандард, одржување на ликвидноста на компаниите и поддршка на инвестициите во енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија за да се обезбеди енергетска стабилност на долг рок.

Економскиот раст во 2023 година се очекува да изнесува 2,5%, што претставува благо ревидирање во однос на претходните очекувања за раст од 2,9%. Домашната побарувачка се очекува да биде главен двигател на растот, во услови на нешто послаба приватна потрошувачка, додека нето-извозот се очекува да има помал негативен придонес, во услови на поумерен раст на извозот и увозот на стоки и услуги.

Реалниот раст на бруто-инвестициите е проектиран на 5,1% во 2023 година, а во периодот 2024-2028 година инвестициите се очекува да забележат просечен годишен раст од 8,4% како резултат на најавените инвестиции од повеќе меѓународни компании, поинтензивен прилив на странски инвестиции, зголемени капитални расходи, но и континуираната поддршка за развој на приватниот сектор и зајакнување на конкурентноста, поддршка на иновативната дејност и технолошкиот развој на претпријатијата.

Ценовните притисоци кои се очекува да продолжат и во текот на 2023 година како и зголемените трошоци за финансирање ќе се одразат врз расположивиот доход на домаќинствата. Од друга страна, растот на минималната плата, растот на платите во одредени дејности од јавниот сектор и растот на просечната плата, растот на пензиите, како и владините мерки за намалување на трошоците за храна и енергија во голема мерка ќе ја поддржат приватната потрошувачка, при што се очекува да забележи раст од 2,0% во 2023 година. Во периодот 2024-2028 година, приватната потрошувачка се очекува да оствари просечен годишен раст од 3,5%, како резултат на очекувањата за натамошно подобрување на состојбата на пазарот на работна сила, стабилно ниво на приватни трансфери и олеснување на условите за финансирање.

Јавната потрошувачка се очекува да оствари умерен раст од 0,5% во 2023 година, согласно напорите за намалување на неприоритетните буџетски расходи преку спроведувањето на процес на фискална консолидација и редизајнирање на јавните расходи содржани во Планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст. Во периодот 2024-2027 јавната потрошувачка се очекува да расте со умерено темпо, односно е проектиран просечен годишен раст од 1%.

Очекувањата за ограничен глобален економски раст и надворешна побарувачка за 2023 година, ќе условат понизок раст на извозот на добра од страна на домашните компании. Добрите перформанси на компаниите во индустриските зони, проширувањето на капацитетите и најавата за нови инвестии, ќе го одржат извозот на

солидно ниво во овие услови кој што е проектиран на 4,5% на реална основа. На среден рок, во услови на очекувано стабилизирање на растот на надворешната побарувачка и зголемување на извозниот потенцијал во земјата преку прилив на странски инвестиции, извозот се очекува да има солиден придонес врз економскиот раст, односно е предвидено да забележи просечен годишен раст од 8,5% во периодот 2024-2028 година.

Увозот на стоки и услуги кој значително забави во последниот квартал од минатата година, во услови на умерен раст на извозната активност и домашната побарувачка, се очекува да оствари реален раст од 4,3% во 2023 година, што ќе придонесе кон помал негативен придонес на нето-извозот врз економскиот раст. Во наредниот период се предвидува одредено стабилизирање на увозната побарувачка, односно просечен годишен раст на увозот на стоки и услуги од 7,3% во периодот 2024-2028 година и постепено стеснување на негативниот придонес на нето-извозот врз економскиот раст.

Во наредниот период, со зголемување на економската активност, активните мерки и програми за вработување и поддршката на домашните и странските претпријатија за отворање нови работни места се очекува понатамошно подобрување на состојбите на пазарот на труд. Притоа, спроведувањето на Стратегијата за човечки капитал до 2030 година, во чиј фокус се три клучни и меѓусебно поврзани подрачја – образованието, здравството и социјалната заштита се очекува да придонесе кон поодржлив поинклузивен економски раст и развој, како и за справување со предизвиците поврзани со продуктивноста, вклученоста на пазарот на трудот и стареењето на населението. Во 2023 година во услови на поумерен раст на економската активност се очекува бројот на вработени да оствари раст од 1,1%, а во периодот 2024-2028 година вработеноста е предвидено да расте со повисоко темпо, односно е проектиран просечен годишен раст од 3,2%. Растот на вработеноста во овој период се очекува да се одрази и врз понудата на работна сила, која е проектирано во просек годишно да се зголеми за 1,9%. Ваквите движења на пазарот на трудот ќе придонесат просечната стапка на невработеност во 2028 година да се намали на 8,4%, додека просечната стапка на вработеност да се зголеми на 53,9%.

Во 2023 година се очекува понатамошен раст на просечната плата, во услови на покачување на минималната плата, зголемување на платите во одделни дејности во јавниот сектор (образование, здравство, државна управа) како и зголемување на платите во приватниот сектор, при што е проектиран раст од 10,6%. На среден рок, во периодот 2024-2028 година номиналниот раст на просечната плата се очекува да изнесува 6,0% годишно.

Стапката на инфлација во 2023 година се очекува да се намали на ниво од 8,9%, во услови на стабилизирање и намалување на цените на храната и енергијата на светските пазари, додека базичната инфлација се очекува да се намали со помало темпо и да има позначителен придонес врз вкупната инфлација. Исто така, мерките на Владата за намалување на цените на основните прехрамбени производи влијаат на намалувањето цените на храната и доколку предвиденото ниво на цени се задржи до крајот на годината може да се очекува дополнително намалување на цените на храната, а со тоа и на вкупната инфлација. Во 2024 година се очекува намалување на инфлациските притисоци и забавување на стапката на инфлација на ниво од 2,5%, пред да се стабилизира на 2% во наредниот среднорочен период.

Дефицитот на тековната сметка на платниот биланс се очекува да се намали во текот на 2023 година како резултат на помалиот трговски дефицит, но сепак да биде на повисоко ниво и да изнесува 4,2% од БДП. Во наредниот среднорочен период се

предвидува подобрување на дефицитот на тековната сметка, односно негово намалување на ниво од 1,1% во 2028 година, што произлегува од проектираното стеснување на трговскиот дефицит. Во услови на нормализирање на состојбите во глобалната и домашната економија, се очекува да продолжи приливот на странски директни инвестиции во периодот 2024-2028 година и да изнесува 3,7% од БДП во просек, што ќе влијае поволно кон задржување на девизните резерви на адекватно ниво. Позитивните движења кај приливот на СДИ се очекува да продолжат и во наредниот период.

Основното макроекономско сценарио е придружено со ризици, кои главно се оценуваат како надолни во однос на проектираниот економски раст. Ризиците се главно поврзани со геополитичките тензии, војната во Украина, изгледите за раст на главните трговски партнери, сеуште присутните ризици во поглед на обезбедување на енергетска стабилност во Европа во следниот период, ефектите од затегнувањето на монетарната политика, како и нагласена неизвесност во однос на финансискиот систем. Од аспект на домашните фактори, послабата реализација на предвидените капитални инвестиции можат да го ограничат растот на економијата. Намалувањето на политичките тензии и спроведувањето на структурните реформи, како и почетокот на пристапните преговори со Европската Унија позитивно ќе се одразат врз овие процеси, ќе ја зголемат довербата на инвеститорите и позитивно ќе се одразат врз економската активност.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија претставуваат збир на цели и иницијативи кои буџетските корисници на централната власт и фондовите задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владини програми и потпрограми.

Буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кои се содржани програмите и активностите за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за истиот период. Стратешките планови на буџетските корисници треба да содржат квантифицирани програми, активности, цели и приоритети на буџетските корисници за тригодишниот период, конзистентни со предлог буџетското барање. Стратешките планови на буџетските корисници се составен дел од буџетското барање на буџетскиот корисник кое се доставува до Министерството за финансии.

При подготовка на буџетското барање, буџетските корисници се упатуваат да обезбедат континуитет во остварувањето на стратешките приоритети, доколку активностите кои што тие ги реализираат сеуште се во функција на остварување на истите. Средствата наменети за остварување на стратешките приоритети, буџетските корисници се должни да ги обезбедат во рамките на максимално утврдените износи на расходи за 2024 година.

Согласно Одлуката за утврдување стратешки приоритети за 2024 година и понатаму останува определбата на Владата на Република Северна Македонија за остварување на најважните стратешки приоритети и тоа:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;

- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

## МАКСИМАЛНИ ИЗНОСИ НА РАСХОДИ

Клучни елементи на среднорочната фискална политика претставуваат редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, кои се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија.

Покрај определбата за фискална консолидација и буџетски заштеди, продолжува поддршката на економијата со инвестиции на инфраструктурни проекти, редизајнирање на структурата на јавните финансии преку зголемено учество на капиталните расходи, како и зајакнување на транспарентноста и отчетноста.

Подобрувањето на управувањето со јавните финансии и зајакнувањето на среднорочното буџетирање за наредните 5 години е еден од најголемите приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како дел од процесот за пристапување во Европската Унија.

Со цел фискалната политика да биде одржлива на среден рок, со фискалните проекции предвидена е рамка за постигнување на нумеричките фискални правила, кои се дизајнирани да бидат усогласени и конзистентни со фискалните правила на ЕУ.

Нумерички Фискални правила за прв пат се воведуваат со новиот Закон за буџети, при што Буџетот и Фискалната стратегија треба да бидат во согласност со фискалните правила во однос на дефицитот и вкупниот долг на општата влада и тоа:

1. Дефицитот на општата влада од соодветната година не смее да го надмине нивото од 3% од номиналниот бруто-домашен производ (БДП).
2. Вкупниот долг на општата влада не смее да го надмине нивото од 60% од номиналниот БДП, а гарантираниот јавен долг не смее да надмине 15% од номиналниот БДП.

На среден рок, со фискалната политика се предвидува етапна фискална консолидација, при што со новите фискални проекции годишното ниво на буџетскиот дефицит е конзистентно со проекциите во претходната фискална стратегија. Притоа, буџетскиот дефицит е намален како процентуално учество во БДП и тоа од: 4,6% во 2023 година, 3,4% во 2024 година, 3,0% во 2025 година, 3,0% во 2026 година, 2,8% во 2027 година и 2,5% во 2028 година.

Вкупните приходи на Буџетот на РСМ (Централен буџет и фондови) за периодот 2024-2028 година се планирани во висина од околу 31,6% од БДП. Проекциите на приходите во наредниот среднорочен период се на база на реализираните приходи од претходните години и ефектите од планираните реформи во даночната сфера.

Водени од целите и приоритетите идентификувани со Стратегијата за реформа на даночниот систем (2021-2025), во текот на 2022 година Министерството за финансии започна амбициозни реформи во даночната политика насочени кон подобрување на квалитетот на даночниот систем и зголемена мобилизација на приходите. Концептот за даночни реформи предвидува фазен пристап во дизајнирањето и имплементацијата на реформите во рамки на различните даночни инструменти, почнувајќи со реформите на даночната политика во сегментите на данокот на добивка, данокот на личен доход и данокот на додадена вредност.

Реформскиот пакет во овие три даночни области се заснова на сеопфатни анализи на домашното законодавство и на индикаторите за даночни приходи, како и на компаративни анализи на даночните практики во земјите-членки на ЕУ и другите земји од Западен Балкан. Конкретно, предложениот реформски пакет има за цел укинување на непродуктивните повластени даночни режими, даночни олеснувања и ослободувања (т.н. даночни трошоци) кои ја нарушуваат неутралноста на даночниот систем со фаворизирање на исти или слични категории даночни обврзници или активности, кои негативно влијаат врз правичната распределба на даночниот товар и придонесуваат за зголемена нееднаквост во општеството, ја нарушуваат неговата робусност со што се креира значителен простор за даночна арбитража и/или даночно избегнување и може да предизвика неефикасност во реалната економија.

Расходната страна на Буџетот на РСМ во наредниот период целосно е креирана во функција на остварување на стратешките приоритети, забрзување на економскиот раст, приоритетот за интегративните процеси на Република Северна Македонија во ЕУ и обврските кои произлегуваат од членството во НАТО.

Просечното учество на вкупните расходи на Буџетот на Република Северна Македонија во периодот 2024-2028 година изнесува околу 34,5% од БДП. Проекциите на расходите на Буџетот за наредниот среднорочен период се подготвени врз база на три клучни основи:

- ✓ усогласеност на проекцијата на приходите со планираните економски активности;
- ✓ проекцијата на вкупните расходи на Буџетот обезбедува континуирана фискална консолидација и
- ✓ планираните износи на расходи обезбедуваат редовно и непречено извршување на сите законски обврски.

При проекцијата на износот и структурата на тековните расходи за наредниот период, земени се предвид следните претпоставки:

- зголемување на ефикасноста на работењето на јавната администрација преку оптимизација и рационализација на работните места, како и усогласување на платите на вработените кај буџетските корисници со минималната плата;
- исплата на пензиските примања, согласно методологијата на пресметка на пензиите, според која усогласувањето на пензиите се врши според движењето на индексот на трошоците за живот во висина од 50% и порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во висина од 50%;
- поефикасно користење на ресурсите за работа преку подобрено планирање и реализација на оперативните расходи, намалување на несуштинските расходи, како и воведување на стандарди на трошења;

- поквалитетни услуги во децентрализираните надлежности на општините преку редефинирање на критериумите за распределба на средства и поефикасно и наменско користење на средставата за дотации;
- обезбедување на поголем позитивен импакт врз економската активност преку поефикасно и таргетирано користење на средставата за субвенции и трансфери;
- рационализација на расходите за земјоделски субвенции преку редефинирање на земјоделската политика за субвенционирање на земјоделството со нови критериуми на доделување на субвенции (основна субвенција и дополнителна поддршка), во насока на зголемување на производството на храна, која ќе се базира на остварениот принос, зголемување на продуктивноста, поголема конкурентност, како и амортизирање на ценовните притисоци на основните прехрамбени производи преку Интервентниот фонд. Со новиот модел се дава приоритет на стратешки важните култури и производи за државата и креирање на систем на одржливо и конкурентно земјоделско производство, како и поттикнувањето на вработувањето преку земјоделски бизниси и преку поддршка на растително и животинско производство, и
- намалување на сиромаштијата преку правилно таргетирање на користење на социјалната помош и поголемо учество на пазарот на труд.

Среднорочните фискални проекции имаат силна развојна компонента, со значајно учество на капиталните расходи со над 5% во БДП на годишно ниво и претставуваат клучни елементи на јавните финансии. Притоа, во среднорочниот период, фокусот на фискалната политика останува на обезбедување значително ниво на јавни инвестиции, кои се предуслов за подобрување на економските перспективи, како и подобар живот на граѓаните. Во таа насока, планиран е значителен износ на капитални инвестиции преку користење на средства од Буџетот, вклучително и средствата обезбедени со заеми од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори. Планираните износи укажуваат на интензивирање на инфраструктурните проекти, односно за инвестициски вложувања за патната и железничката инфраструктура, енергетската и комуналната инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

Во среднорочната фискална стратегија содржани се лимити на буџетските расходи, лимитите по буџетски корисници, како и проекциите на среден рок за локалната власт и јавните претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост.

**Предлог буџетското барање потребно е да биде изготвено во рамки на максималните износи на расходи, дадени во прилог за секој буџетски корисник. При подготовка на буџетското барање, буџетските корисници треба да ја имаат во предвид определбата на Владата на Република Македонија за дисциплинирана буџетска потрошувачка и зголемување на нивото на капиталните расходи, за сметка на намалувањето на помалку продуктивните трошоци.**

# УПАТСТВО И НАСОКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИОТ ЦИРКУЛАР ЗА 2024 ГОДИНА
# АПЛИКАЦИЈА Е - ЦИРКУЛАР

Буџетските барања за 2024 година ќе се пополнуваат електронски, преку апликацијата Е-циркулар, достапна на следниот линк: https://ecirkular.finance.gov.mk/.

Буџетските корисници кои се веќе регистрирани во апликацијата Е-циркулар ги користат постојните лозинки за влез во апликацијата и начинот на пополнување на буџетското барање е идентичен како и претходната година.

Буџетските корисници кои не се регистрирани во апликацијата Е-циркулар се должни да извршат електронска регистрација и до Министерството за финансии да достават Барање за активација на корисничка сметка. При регистрација во системот, буџетскиот корисник внесува даночен број на субјектот, име и презиме на одговорното лице за пополнување на буџетското барање, е-маил адреса и лозинка за влез. Називот на буџетскиот корисник се прикажува автоматски, врз основа на внесениот даночен број. Откако буџетскиот корисник ќе се регистрира, на внесената е-маил адреса ќе му биде испратено Барањето за активација на корисничката сметка, кое е потребно во писмена форма да се достави до Министерството за финансии. Откако одговорниот буџетски аналитичар во Министерството за финансии ќе го разгледа и одобри Барањето, буџетскиот корисник ќе добие електронска потврда, по што ќе биде во можност да се најави во апликацијата Е-циркулар со претходно одбраната лозинка и да започне со пополнување на буџетското барање.

**ПРОФИЛ:** По извршената регистрација и најава во апликацијата Е-циркулар, буџетските корисници најпрво ги пополнуваат податоците во овој дел кои се однесуваат на основните надлежности и функции на буџетскиот корисник, а потоа се пристапува кон пополнување на Буџетското барање. Во овој дел, буџетските корисници даваат општи податоци со краток опис на надлежностите, основните цели и функции, приоритетите и планираните активности за 2024 година, постигнатите резултати во 2023 година и очекуваните резултати во 2024 година. Буџетските корисници треба да ги презентираат главните цели и приоритети согласно стратешкиот план.

**ВНЕС НА БУЏЕТ:** Во овој дел, преку полето "Нов запис„ се внесуваат планираните приходи и расходи за период од пет години, по видови сметки (637, 631, 787, 785, 786, 660) и за сите видови на потпрограми (владини, буџетски и развојни). Износите се внесуваат во полн износ, што ќе завршува со три нули. Приходите се прикажуваат на ниво на приходни потставки, а расходите на ниво на расходни ставки. Буџетското барање задолжително треба да биде доставено во рамките на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПОТПРОГРАМА:** Програмата е збир од поврзани сродни активности и проекти насочени кон остварување на заедничка цел или цели, додека потпрограмата е активност или проект кој е составен дел од програмата.
Во овој дел, преку полето "Нов запис„ треба да се образложат сите потпрограми (буџетски, развојни, владини) преку краток опис на целта на потпрограмата и активностите која истата ги опфаќа.

**ИНДИКАТОР ПРОГРАМА:** Во овој дел, преку полето "Нов запис„ се внесуваат аутпут индикатори за остварување за секоја одделна програма, преку кои ќе се овозможи мерење на резултатите од реализацијата на програмите, како и оправданоста на алоцираните средства во истите. Најпрво се врши избор на соодветната програма, а потоа се внесува образложение за индикаторот и се дефинира назив на самиот индикатор кој треба да биде мерлив (квантитативен). Индикаторот се внесува за период од 5 години, односно за 2022 година (Тековна-1), 2023 година (Тековна), 2024 година (Тековна +1), 2025 година (Тековна +2) и 2026 година (Тековна+3). За секоја програма може да се внесат максимум по 3 аутпут индикатори. Со чекирање на полето кај соодветниот индикатор, буџетскиот корисник е должен да одбере најмалку 1, а најмногу 3 од вкупно внесените аутпут индикатори (за сите програми) кои ќе ги означи како најрелевантни за самата институција.
Индикаторите треба да се фокусираат на клучните активности на програмата и би требало да ја мерат нејзината најважна активност. Аутпут индикаторите не се развиваат за да известуваат за секоја активност која што се извршува со програмата, туку треба да се фокусираат на најважните цели кои се постигнуваат со програмата, нивната поврзаност со стратешкиот план и како се трошат алоцираните средства од програмата.

**ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМА:** Буџетските програми претставуваат главна активност или група на активности кои се извршуваат согласно обврските утврдени со закон и друга правна регулатива. Сите активности на еден буџетски корисник кои не се идентификувани како владини програми, треба да се прикажат преку буџетски програми.
Програмската класификација претставува структура на шифри за класифицирање на програмите и потпрограмите утврдени со буџетот. При подготовка на буџетските барања за 2024 година буџетските корисници се обврзани да го користат истиот начин на прикажување на своите активности преку буџетски и владини програми, како и во претходните години, односно владините програми се обележуваат со буква, а буџетските програми со цифра. Развојните потпрограми кои се составен дел на владините програми се обележуваат со две букви, додека развојните потпрограми кои се составен дел на буџетските програми се обележуваат со цифра и буква.
Во овие два дела, преку полето "Нов запис„ буџетските корисници имаат можност да предлагаат нови програми/потпрограми и соодветно да ги обележат. Во полето „Програма„ се внесува кодот на програмата (бројка или буква) и нејзиниот назив, додека во полето „Потпрограма„ се избира соодветната Програма, се внесува кодот на Потпрограмата (втората ознака, бројка или буква) и нејзиниот назив. Овде корисникот има преглед на сите до сега креирани програми и потпрограми, кои воедно му стојат на располагање при подготовка на буџетското барање за 2024 година. Креирањето на нови програми и потпрограми треба да биде само во случај кога постојните се несоодветни за одредена активност.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ОБРАСЦИ

**СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА:** Во овој образец се внесуваат податоци за работните места предвидени во актот за систематизација, бројот на систематизираните работни места, бројот на пополнетите работни места,

планираниот број на пензионирања во тековната година за секое работно место и месецот на пензионирање.

**ИНДИКАТИВЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ:** Во овој образец се внесуваат податоци за описот/видот на јавната набавка, проценетата вредност на договорот/проектот, по години, како и потпрограмата, сметката и расходната ставка од која ќе бидат обезбедени средствата. Доколку одреден проект се реализира во тек на повеќе години, потребно е да се наведат износите за секоја година поодделно, додека за јавните набавки кои се планираат за реализација на годишно ниво, потребно е да се прикажат износите само за 2024 година.
При пополнување на овој образец, буџетските корисници треба да ги имаат во предвид утврдените максимални износи на расходи за 2024 година.

**ПОВЕЌЕГОДИШНИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ:** Во овој образец се внесува финансиската конструкција за капиталните проекти кои буџетските корисници веќе ги реализираат или планираат да ги реализираат во тек на повеќе години. Капиталните проекти треба да бидат прикажани поединечно, според потпрограмата во која истите се опфатени и изворите на нивно финансирање (буџет, сопствени, донации, кредити). Ова би значело дека доколку во рамки на една потпрограма се реализираат повеќе проекти, истите треба да се прикажат засебно. За секој капитален проект се презентираат следните податоци: датумот на склучување на договорот за започнување со реализација на капиталниот проект, крајниот рок за негово целосно завршување, вкупната вредност на проектот со ДДВ и вклучен надзор, вкупната реализација до 31.12.2022 година, како и планираните средства за наредните години, се до целосното завршување на Проектот. Истовремено се дава и опис за очекуваното влијание на повеќегодишните капитални проекти врз климатските промени.

**РОДОВО БУЏЕТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ:** Родово одговорно буџетирање претставува алатка преку која се овозможува при креирањето и спроведувањето на политиките, програмите и буџетите да се земат предвид различната положба на жените и мажите и различните предизвици со кои тие се соочуваат, истовремено создавајќи услови во креирање на поефикасни програми и поцелисходно трошење на јавните средства.
Согласно Стратегијата за родово одговорно буџетирање (РОБ), а во пресрет на потребите од вклучување на родовата димензија при буџетското планирање, родово буџетските иницијативи претставуваат дел од активностите на буџетските корисници.
Буџетските корисници кои во рамките на сопствениот буџет анализираат програми/активности од родов аспект, доставуваат назив на родовата иницијатива, краток осврт и цели на предлогот, како и предлог Буџет за реализација на иницијативата за период 2024-2028 година.
Дополнително на ова, за избраната родово буџетска иницијатива се утврдува полово разделен индикатор, чија вредност се прикажува за среднорочен период.

**РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИ И БЛОК ДОТАЦИИ ПО ОПШТИНИ:** Во овој образец, буџетските корисници кои што пренесуваат надлежности на општините потребно е вкупниот износ на наменските и блок дотациите за пренесените надлежности да го прикажат по општини. Напоменуваме дека средствата наменети за пренесените и делегираните надлежности кои се трансферираат на локално ниво се вклучени во рамките на максимално утврдените износи на расходи.

**ОБРАЗЕЦ ЗА ИНПУТ ИНДИКАТОРИ ЗА ТЕКОВНИ РАСХОДИ**

Во овој образец, буџетските корисници внесуваат податоци за инпут индикаторите кои се дадени во прилог на Табеларниот преглед. Инпут индикаторите за претходните години треба да бидат презентирани согласно извршениот Буџет (Завршна сметка), а за 2023 година согласно одобрените средства со Буџетот на РСМ за 2023 година. Бројот на вработените за претходните години (неопределено, определено, договор на дело, авторски договор, привремено вработени) треба да биде презентирана со состојба 31.12, а за 2023 година со состојба 31.07.

Дополнителните обрасци се преземаат од апликацијата Е-циркулар, во делот „Обрасци„ и по нивното пополнување буџетските корисници повторно ги прикачуваат во самата апликација, преку полето „Browse" и "Upload". Буџетските корисници не треба да го преименуваат називот на Excel документот, односно треба да го прикачат со истиот назив како што бил при неговото преземање од апликацијата Е-циркулар. Образецот за индикативниот план за јавни набавки, Образецот за систематизирани и пополнети работни места и Образецот за инпут индикатори за тековни расходи се задолжителни за сите буџетски корисници, додека пак останатите обрасци ги пополнуваат буџетските корисници кои имаат повеќегодишни капитални проекти, родово буџетски иницијативи или пак вршат распределба на наменски и блок дотации. По целосно пополнување на Буџетското барање согласно горенаведените насоки, буџетскиот корисник го поднесува барањето електронски до Министерството за финансии, преку полето „Поднеси Циркулар„. Вака поднесеното Барање се доставува и во печатена верзија, со потпис на раководното лице и печат на институцијата. Печатената верзија се обезбедува од самата апликација Е-циркулар, преку полето **„Печати барање„.**

Буџетското барање отпечатено од апликацијата Е-циркулар не ги опфаќа дополнителните обрасци. Истите треба да се отпечатат во Excel формат и да се достават во печатена форма, заедно со испечатеното буџетско барање преку апликацијата Е-циркулар.

**Детални технички инструкции во врска со употребата на апликацијата Е-циркулар може да се најдат во Упатството за употреба на корисниците прикачено на самата апликација.**

Прилог 1

## ПРЕДЛОГ ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

| Програма | Потпрограма | Назив |
|---|---|---|
| **А** | | **Децентрализација** |
| | А0 | Децентрализација |
| | А2 | Пренесување на надлежности на ЕЛС |
| **Б** | | **Мерки за намалување на сиромаштијата** |
| | Б5 | Субвенционирање на придонеси за поддршка на плати |
| | БА | Поттикнување на вработувањето |
| **В** | | **Унапредување на одбраната и безбедноста** |
| | ВА | Интеграција во НАТО |
| **Г** | | **Јакнење на владеењето на правото** |
| | Г1 | Борба против корупција и организиран криминал |
| | Г2 | Борба против трговија со луѓе и илегална миграција |
| **Д** | | **Економски развој** |
| | Д5 | Привлекување на странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона |
| | Д6 | Поддршка на инвестициони вложувања |
| | Д7 | Унапредување на деловните активности |
| | Д9 | Финансиска поддршка на инвестициите |
| | ДА | Инвестиции во железничката инфраструктура |
| | ДВ | Технолошки индустриски развојни зони |
| | ДГ | Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија |
| **К** | | **Реформа на јавната администрација** |
| | К2 | Стручно оспособување и усовршување |
| | К5 | Соодветна и правична застапеност на заедниците |
| | К6 | Реформа на јавната администрација |
| **М** | | **Интеграција во ЕУ** |
| | МА | Помош при транзиција и институционална надградба |
| | МБ | Прекугранична соработка |
| | МВ | Регионален развој |
| | МД | Рурален развој |

| | | |
|---|---|---|
| | МЕ | Инструмент за претпристапна помош - ИПА2 |
| **Н** | | **Информациски и комуникациски технологии** |
| | Н1 | Радиодифузна дејност |
| | НА | Развој и имплементација на ИКТ |
| **О** | | **Регионален развој** |
| | ОА | Рамномерен регионален развој |
| **П** | | **Мерки за справување со Covid 19 кризата и други антикризни мерки** |
| | П1 | Мерки за справување со Covid 19 кризата и други антикризни мерки |
| **С** | | **Унапредување на животната средина** |
| | С1 | Унапредување на животната средина |
| | С5 | Зелен развој |
| **Т** | | **Инвестиции во образованието** |
| | ТА | Изградба на основни училишта |
| | ТБ | Реконструкција на основни училишта |
| | ТВ | Изградба на училишни спортски сали во основни училишта |
| | ТГ | Изградба на средни училишта |
| | ТД | Реконструкција на средни училишта |
| | ТИ | Реконструкција на ученички домови |
| | ТК | Изградба и реконструкција на студентски домови |
| | ТЛ | Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови |

## Образец за индикативниот план за јавни набавки

| Реден број | Опис на јавна набавка | Извор на финансирање - сметка (630, 631, 785, 787/788,786) | Буџетска/Владина програма | Ставка | 2022 исплатено | 2023 планирано со Буџет | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 2 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 3 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 4 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 5 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 6 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 7 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 8 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 9 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 10 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 11 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 12 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 13 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 14 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 15 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 16 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 17 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 18 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 19 | | | | | | | | | | | | 0 |
| 20 | | | | | | | | | | | | 0 |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | ВКУПНО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ОБРАЗЕЦ ЗА ИНПУТ ИНДИКАТОРИ ЗА ТЕКОВНИ РАСХОДИ

| НАЗИВ НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ред. бр. | Индикатор | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 1 | Број на вработени на неопределено време | | | | | | | | | |
| 2 | Број на вработени на определено време | | | | | | | | | |
| 3 | Просечна месечна бруто плата за вработените (неопределено и определено време) | | | | | | | | | |
| 4 | Број на привремено вработени лица | | | | | | | | | |
| 5 | Трошоци за привремено вработени лица | | | | | | | | | |
| 6 | Број на лица ангажирани со договор на дело | | | | | | | | | |
| 7 | Број на лица ангажирани со авторски договор | | | | | | | | | |
| 8 | Трошоци за договорно ангажирање на лица (договор на дело и авторски договор) | | | | | | | | | |
| 9 | Оперативни расходи по вработен (Расходи за Стоки и услуги/Број на вработени) | | | | | | | | | |
| 10 | Трошоци за репрезентација по вработен (неопределено и определено време) | | | | | | | | | |
| 11 | Трошоци за телефонски услуги по вработен (неопределено и определено време) | | | | | | | | | |
| 12 | Канцелариски простор по вработен (неопределено и определено време) | | | | | | | | | |
| 13 | Канцелариски материјали по вработен (неопределено и определено време) | | | | | | | | | |
| 14 | Број на возила | | | | | | | | | |
| 15 | Горива и трошоци за одржување на возила | | | | | | | | | |
| 16 | Процент на неизмирени обврски во однос на вкупен буџет | | | | | | | | | |

| Образец за родово буџетски иницијативи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Назив на буџетски корисник:** | | | | | | |
| **Назив на родово буџетската иницијатива** | | | | | | |
| **Краток осврт и цели на предлогот** | | | | | | |
| **Индикатор** | | | | | | |
| **Вредност на индикатор** | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| | | | | | | |
| **Предлог Буџет за реализација на предлогот** | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | |
| | | | | | | |

## Образец за систематизирани и пополнети работни места

| Реден број | Звање (Систематизирани работни места) | Број (Систематизирани работни места) | Број (Пополнети работни места) | Планирани пензионирања во 2024 година | Месец на реализација на редовното пензионирање | Број на планирани вработувања на неопределено време во 2024 година | Број на планирани вработувања на определено време во 2024 година | Број на планирани вработувања со договор на дело во 2024 година | Број на планирани привремени вработувања во 2024 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | | | |
| 16 | | | | | | | | | |
| 17 | | | | | | | | | |
| 18 | | | | | | | | | |
| 19 | | | | | | | | | |
| 20 | | | | | | | | | |
| 21 | | | | | | | | | |
| 22 | | | | | | | | | |
| 23 | | | | | | | | | |
| 24 | | | | | | | | | |
| 25 | | | | | | | | | |
| 26 | | | | | | | | | |
| 27 | | | | | | | | | |
| 28 | | | | | | | | | |
| 29 | | | | | | | | | |
| 30 | | | | | | | | | |

# Образец за финансиска конструкција на повеќегодишни капитални проекти

| назив на буџетски корисник: | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Проект | дата на склучување на договорот | рок за целосна реализација | Сметка | Пот-програма | вкупна вредност на проектот (со вклучен надзор) | вкупна реализација до 31.12.2022 | 2023 планирано со Буџет | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | останато за плаќање по 2028 | ВКУПНО |
| 1 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 2 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 3 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 4 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 5 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 8 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 9 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 10 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 11 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 12 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 13 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 14 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 15 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 16 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 17 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 18 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 19 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| 20 | | | | | | | | | | | | | | | 0 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | ВКУПНО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**ОБРАЛОЖЕНИЕ:** Во овој дел, буџетските корисници даваат соодветен опис за очекуваното влијание на повеќегодишните капитални проекти врз климатските промени.

* За проекти со повеќе извори на финансирање (буџетски средства, кредит, донации и сл.) потребно е истите да се внесат во нов ред.
* Доколку во рамки на една потпрограма се реализираат повеќе проекти, истите се прикажуваат поединечно

## Образец за распределба на наменските и блок дотации по општини

| Реден број | Општина | Наменска дотација за ______ | Блок дотација за ______ |
|---|---|---|---|
| 1 | АРАЧИНОВО | | |
| 2 | БЕРОВО | | |
| 3 | БИТОЛА | | |
| 4 | БОГДАНЦИ | | |
| 5 | БОГОВИЊЕ | | |
| 6 | БОСИЛОВО | | |
| 7 | БРВЕНИЦА | | |
| 8 | ВАЛАНДОВО | | |
| 9 | ВАСИЛЕВО | | |
| 10 | ВЕВЧАНИ | | |
| 11 | ВЕЛЕС | | |
| 12 | ВИНИЦА | | |
| 13 | ВРАПЧИШТЕ | | |
| 14 | ГЕВГЕЛИЈА | | |
| 15 | ГОСТИВАР | | |
| 16 | ГРАДСКО | | |
| 17 | ДЕБАР | | |
| 18 | ДЕБАРЦА | | |
| 19 | ДЕЛЧЕВО | | |
| 20 | ДЕМИР КАПИЈА | | |
| 21 | ДЕМИР ХИСАР | | |
| 22 | ДОЈРАН | | |
| 23 | ДОЛНЕНИ | | |
| 24 | ЖЕЛИНО | | |
| 25 | ЗЕЛЕНИКОВО | | |
| 26 | ЗРНОВЦИ | | |
| 27 | ИЛИНДЕН | | |
| 28 | ЈЕГУНОВЦЕ | | |
| 29 | КАВАДАРЦИ | | |
| 30 | КАРБИНЦИ | | |
| 31 | КИЧЕВО | | |
| 32 | КОНЧЕ | | |
| 33 | КОЧАНИ | | |
| 34 | КРАТОВО | | |
| 35 | КРИВА ПАЛАНКА | | |
| 36 | КРИВОГАШТАНИ | | |
| 37 | КРУШЕВО | | |
| 38 | КУМАНОВО | | |

| Образец за распределба на наменските и блок дотации по општини | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Општина | Наменска дотација за ___________ | Блок дотација за ___________ |
| 39 | ЛИПКОВО | | |
| 40 | ЛОЗОВО | | |
| 41 | МАВРОВО И РОСТУШЕ | | |
| 42 | МАКЕДОНСКИ БРОД | | |
| 43 | МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА | | |
| 44 | МОГИЛА | | |
| 45 | НЕГОТИНО | | |
| 46 | НОВАЦИ | | |
| 47 | НОВО СЕЛО | | |
| 48 | ОХРИД | | |
| 49 | ПЕТРОВЕЦ | | |
| 50 | ПЕХЧЕВО | | |
| 51 | ПЛАСНИЦА | | |
| 52 | ПРИЛЕП | | |
| 53 | ПРОБИШТИП | | |
| 54 | РАДОВИШ | | |
| 55 | РАНКОВЦЕ | | |
| 56 | РЕСЕН | | |
| 57 | РОСОМАН | | |
| 58 | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | | |
| 59 | СВЕТИ НИКОЛЕ | | |
| 60 | СОПИШТЕ | | |
| 61 | СТРУГА | | |
| 62 | СТРУМИЦА | | |
| 63 | СТУДЕНИЧАНИ | | |
| 64 | ТЕАРЦЕ | | |
| 65 | ТЕТОВО | | |
| 66 | ЦЕНТАР ЖУПА | | |
| 67 | ЧАШКА | | |
| 68 | ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО | | |
| 69 | ЧУЧЕР САНДЕВО | | |
| 70 | ШТИП | | |
| 71 | АЕРОДРОМ | | |
| 72 | БУТЕЛ | | |
| 73 | ГАЗИ БАБА | | |
| 74 | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | | |
| 75 | КАРПОШ | | |
| 76 | КИСЕЛА ВОДА | | |
| 77 | САРАЈ | | |
| 78 | ЦЕНТАР | | |
| 79 | ЧАИР | | |
| 80 | ШУТО ОРИЗАРИ | | |
| 81 | СКОПЈЕ | | |
| | | | |